20081322615

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 54, став 1, точка 7 и 8 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 и 98/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 06.10.2008 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА ЗА ПАП ТЕСТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува референтна цена за здравствена услуга од областа на гинеколошко-акушерската дејност, која како специјалистичко-консултативна здравствена услуга е на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја плаќа здравствената услуга од областа на гинеколошко-акушерската дејност – ПАП тест на здравствените установи по цена од 600,00 денари.

Референтната цена на ПАП тестот се однесува исклучиво на цитолошкото-лабораториско испитување со наод и мислење.

Референтната цена ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-16711/10
6 октомври 2008 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Снежана Костадиноска Милошеска, с.р.